МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

**Наставна програма**

# ИТАЛИЈАНСКИ ЈАЗИК

## за VI одделение

Скопје, 2023 година

## ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

| | |
|---|---|
| **Наставен предмет** | Италијански јазик |
| **Вид/категорија на наставен предмет** | Задолжителен |
| **Одделение** | VI (шесто) |
| **Теми/подрачја во наставната програма** | • ***Први контакти***<br>• ***Непосредно окружение - Училиште***<br>• ***Слободно време*** |
| **Број на часови** | 2 часа неделно / 72 часа годишно |
| **Опрема и средства** | • компјутер, печатач, проектор, табла, ЦД/ДВД-плеер, интерактивна табла;<br>• нагледни средства, постери, фотографии, слики, предмети, флеш-карти, налепници, хартија, хартија во боја, хамер, ножици, лепак, дрвени боици, фломастери и сл.<br>• учебник, прирачници, речници, списанија, стрипови (печатени и онлајн)... |
| **Норматив на наставен кадар** | - завршени студии по италијански јазик и литература – наставна насока, VII 1 или 240 ЕКТС;<br>- завршени студии по италијански и книжевност, VII 1 или 240 ЕКТС;<br>- завршени студии по италијански јазик и литература – друга насока и со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирани високообразовни установи, VII1 или 240 ЕКТС. |

# ПОВРЗАНОСТ СО НАЦИОНАЛНИТЕ СТАНДАРДИ

Резултатите од учење наведени во наставната програма водат кон стекнување на следните компетенции опфатени со подрачјето **Користење други јазици** од Националните стандарди:

| | |
|---|---|
| | *Ученикот/ученичката знае и/или умее:* |
| II-A.12 | да разбере фрази и најчесто употребуван вокабулар кој се однесува на области од најнепосредна лична важност (на пример, најосновни лични и семејни информации, купување, исхрана, здравје, околина); |
| II-A.14 | да чита куси, едноставни текстови и да разбере куси, едноставни пораки во рамки на позната тематика; |
| II-A.16 | да комуницира во едноставни и рутински ситуации кои бараат едноставна и директна размена на информации за познати теми и активности; |
| II-A.17 | да иницира и да учествува во куси конверзации на позната тематика; |
| II-A.18 | да користи низа од фрази и реченици за да ги опише со едноставни зборови семејството и другите луѓе, животните услови, интересите и секојдневните активности; |
| II-A.6 | да ги изговара јасно и правилно сите гласови и гласовни групи, почитувајќи ги правилата за акцентирање и интонација, при што евентуалните неправилности не ја попречуваат комуникацијата; |
| II-A.8 | да ги пишува зборовите и изразите со релативна точност, применувајќи ги правописните правила; |
| II-A.9 | да ги почитува основните граматички правила и исклучоците при писмено и усно изразување. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| II-Б.1 | преку изучување на друг јазик се олеснува учењето на повеќе јазици и се развива можноста за комуникација со припадници на различни културни/јазични групи; |
| II-Б.2 | со познавањето на повеќе јазици се олеснува пристапот до ресурси кои се корисни за совладување на други наставни предмети/содржини; |
| II-Б.3 | преку изучувањето на други јазици се развива интерес и почит за различни јазици и култури; |
| II-Б.4 | преку изучувањето на други јазици се развива почитување за другите култури и се подобруваат интеркултурните компетенции. |

Наставната програма вклучува и релевантни компетенции од следните трансверзални подрачја на Националните стандарди:

**Дигитална писменост** :

| | |
|---|---|
| | *Ученикот/ученичката знае и умее:* |
| IV-А.2 | да процени кога и на кој начин за решавање на некоја задача/проблем е потребно и ефективно користење на ИКТ; |
| IV-А.5 | да определи какви информации му/ѝ се потребни, да најде, избере и преземе дигитални податоци, информации и содржини; |
| IV-А.7 | да одбере и користи соодветни ИКТ-алатки за комуникација, безбедно да сподели информации, да контактира и да соработува со други на онлајн проекти, во социјални активности или за лични потреби. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| IV-Б.1 | дигиталната писменост е неопходна за секојдневното живеење - го олеснува учењето, животот и работата, придонесува за проширување на комуникацијата, за креативност и иновативност, нуди разни можности за забава. |

**Личен и социјален развој**:

| | |
|---|---|
| | *Ученикот/ученичката знае и умее:* |
| V-А.4 | да прави процена на сопствените способности и постигања (вклучувајќи ги силните и слабите страни) и врз основа на тоа да ги определува приоритетите што ќе му/ѝ овозможат развој и напредување; |
| V-А.6 | да си постави цели за учење и сопствен развој и да работи на надминување на предизвиците што се јавуваат на патот кон нивно остварување; |
| V-А.7 | да ги користи сопствените искуства за да си го олесни учењето и да го прилагоди сопственото однесување во иднина; |
| V-А.13 | да комуницира со другите и да се презентира себеси соодветно на ситуацијата; |
| V-А.14 | да слуша активно и соодветно да реагира, покажувајќи емпатија и разбирање за другите и да ги искажува сопствените грижи и потреби на конструктивен начин; |
| V-А.15 | да соработува со други во остварување на заеднички цели, споделувајќи ги сопствените гледишта и потреби со другите и земајќи ги предвид гледиштата и потребите на другите; |
| V-А.17 | да бара повратна информација и поддршка за себе, но и да дава конструктивна повратна информација и поддршка во корист на другите; |
| V-А.19 | да дава предлози, да разгледува различни можности и да ги предвидува последиците со цел да изведува заклучоци и донесува рационални одлуки; |
| V-А.21 | да го анализира, проценува и подобрува сопственото учење. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| V-Б.3 | сопствените постигања и добросостојба во најголема мера зависат од трудот што самиот/самата го вложува и од резултатите што самиот/самата ги постигнува; |

| | |
|---|---|
| V-Б.7 | иницијативноста, упорноста, истрајноста и одговорноста се важни за спроведување на задачите, остарување на целите и надминување на предизвиците во секојдневите ситуации; |
| V-Б.8 | интеракцијата со другите е двонасочна – како што има право од другите да бара да му биде овозможено задоволување на сопствените интереси и потреби, така има и одговорност да им даде простор на другите да ги задоволат сопствените интереси и потреби; |
| V-Б.9 | барањето повратна информација и прифаќањето конструктивна критика води кон личен напредок на индивидуален и социјален план. |

**Општество и демократска култура**:

| | *Ученикот/ученичката знае и умее:* |
|---|---|
| VI-А.2 | да го анализира сопственото однесување со цел да се подобри, поставувајќи си реални и остварливи цели за активно делување во заедницата; |
| VI-А.3 | да ги формулира и аргументира своите гледишта, да ги сослушува и анализира туѓите гледишта и со почитување да се однесува кон нив, дури и тогаш кога не се согласува; |
| VI-А.5 | да ги разбира разликите помеѓу луѓето по било која основа (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус итн); |
| VI-А.6 | да препознава присуство на стереотипи и предрасуди кај себе и другите и да се спротивставува на дискриминација. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| VI-Б.1 | не смее да прави дискриминација врз основа на разликите меѓу луѓето (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус, сексуална ориентација, итн.); |
| VI-Б.3 | човековите права се универзални, а границите на правата на секој човек се правата и слободите на другиот. |

**Техника, технологија и претприемништво**:

| | *Ученикот/ученичката знае и умее:* |
|---|---|
| VII-А.9 | активно да учествува во тимска работа според претходно усвоени правила и со доследно почитување на улогата и придонесот на сите членови на тимот. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |

| | |
|---|---|
| VII-Б.4 | работната етика, културната чувствителност и односот кон другите се значајни за креирање и одржување позитивна работна клима. |

**Уметничко изразување и култура**:

| | |
|---|---|
| | *Ученикот/ученичката знае и умее:* |
| VIII-А.6 | да ги идентификува разликите и сличностите меѓу сопствената култура и другите култури во своето потесно и пошироко опкружување и да ја анализира нивната поврзаност и меѓузависност. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| VIII-Б.4 | културниот диверзитет влијае врз развојот на идентитетот на припадниците на различни култури; |
| VIII-Б.5 | на разликите меѓу културите треба да се гледа како на можности за учење и како предизвик за заемно разбирање и напредување; |
| VIII-Б.6 | почитувањето и промовирањето на другите култури придонесуваат за обезбедување почит за сопствената култура од страна на другите. |

# РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ

**Тема: ПРВИ КОНТАКТИ**

Вкупно часови: 33

**Резултати од учење:**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/-на да:

1. разбере значење на едноставни слушнати/пишани искази во врска со лични податоци, семејство, интереси, вкусови;
2. се обрати, поздрави/ отпоздрави на едноставен учтив и неформален начин;
3. побара/даде информација за себе и за семејството при прв контакт (име, возраст, професија, националност);
4. постави едноставни прашања/ одговори на едноставни прашања во врска со интереси, вкусови;
5. напише кратки и едноставни реченици во кои се претставува себеси и друг.

| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
| --- | --- |
| а) Говорни чинови:<br>• Формално и неформално обраќање и поздравување и отпоздравување;<br>• Барање /давање информации за себе и за друг при прв контакт (име, возраст, националност);<br>• Искажување вкусови и интереси;<br>• Заблагодарување и одговарање на заблагодарување;<br>• Претставување себеси и друг. | • Разбира едноставни прашања од соговорникот во врска со лични податоци, интереси, вкусови, семејство;<br>• Поздравува и отпоздравува на едноставен учтив и неформален начин;<br>• Се претставува усно, со едноставни зборови и реченици;<br>• Претставува лице од непосредното окружение, со едноставни зборови и реченици;<br>• Зборува на едноставен начин за своите интереси и вкусови;<br>• Се заблагодарува и одговара на заблагодарување при усна интеракција;<br>• Пренесува основни информации за свои соученици и за други лица, на италијански јазик;<br>• Пишува кратки едноставни реченици за лично претставување или претставување некој друг. |
| б) Лексички единици:<br>• Азбука;<br>• Лични податоци (*nome, cognome, soprannome, data e luogo di nascita, nazionalità*);<br>• Професии (*l'impiegato, il medico, il giornalista, l'ingegnere, l'architetto, l'insegnante, il programmatore, la casalinga, il cantante, l'attore)*;<br>• Држави/Националности (*la Macedonia del Nord, l'Italia, la Francia, l'America, l'Inghilterra, italiano, macedone, francese, americano, inglese*);<br>• Интереси, вкусови | • Ги изговара буквите од италијанската азбука;<br>• Спелува познати зборови;<br>• Разбира зборови и изрази поврзани со лични податоци, интереси, вкусови, семејство;<br>• Брои до 20;<br>• Набројува држави и националности;<br>• Именува активности поврзани со интересите и вкусовите;<br>• Употребува поими и изрази во реченици при лично претставување и претставување друг. |

| | |
|---|---|
| (*gli interessi, i passatempi, le preferenze, il cinema, lo sport, la musica, il computer, I videogiochi*);<br>• Семејство<br>(*la famiglia, il padre, la madre, il figlio, la figlia, la sorella, il fratello, il nonno, la nonna, lo zio, la zia*);<br>• Броеви од 1 до 20<br>(uno, due, tre ...). | |
| в) Граматички содржини:<br>• Фонетика<br>- Ритам, интонација и акцент - Ritmo, intonazione e accento<br>(Siete liberi oggi? Sì, siamo liberi tutto il giorno. Apri la porta!<br>Parl*a*re, citt*à*, *a*bito).<br><br>• Морфологија<br>○ Член, род и број - Articolo, genere e numero<br>- определен/determinativo<br>(il libro/i libri ; la casa/le case);<br>- неопределен/indeterminativo<br>(un libro; una casa).<br>○ Именки, род и број - Sostantivi, genere e numero<br>(il libro, il cane, la casa, la chiave; il ragazzo/ la ragazza, il figlio/ la figlia;<br>il ragazzo/i ragazzi, la ragazza/le ragazze, il cane/i cani, la classe/le classi).<br>○ Придавки,род и број - Aggettivi, genere e numero<br>- присвојни/possessivi<br>(*Il mio* amico Pino è italiano. *La mia* macchina è rossa. Vi presento *i miei* amici americani.).<br>○ Броеви - Numeri<br>- главни броеви /cardinali da 1 a 20 | • Разликува прашална од исказна реченица според интонацијата;<br>• Правилно ги пишува новоусвоените зборови и изрази;<br>• Се изразува со доволно правилен изговор за да биде разбран;<br>• Разликува употреба на определен од неопределен член;<br>• Ги употребува присвојните придавки во даден контекст;<br>• Ги употребува најчестите средства за претставување некое лице;<br>• Препознава и користи форми на најчестите глаголи од прва група во сегашно време;<br>• Препознава најчести прилози и предлози и ги употребува во едноставни реченици;<br>• Употребува негативна форма на даден исказ. |

| | |
|---|---|
| (Gianni compie *nove* anni. Una settimana ha *sette* giorni.).<br>○ Глагол - Verbo<br>- сегашно време на помошните глаголи *essere, avere* - indicativo presente dei verbi ausiliari *essere, avere*;<br>(Heinz *è* tedesco. Loro *sono* italiani. Marco *ha* due amici. Loro *hanno* una nuova casa.);<br>- форми на најчестите глаголи од прва група-*are* во сегашно време индикатив: guardare, studiare, parlare<br>(Francesca *abita* a Milano. Pietro *ama* cantare.).<br>○ Прилози- Avverbi<br>- за начин/di modo: bene, male<br>(Elena parla *bene* il francese.);<br>- за количество/di intensità: molto, poco<br>(Mi piace *molto* la musica italiana.).<br>○ Предлози-Preposizioni: in, a, di, con, per<br>(Ogni giorno vado *in* biblioteca *per* studiare.<br>Vado *a* Roma *per* le vacanze. Questo è lo zaino *di* Roberto.).<br><br>● Синтакса-Sintassi<br>○ Реченица/Proposizione<br>- исказна: потврдна форма и одречна форма (forma affermativa e forma negativa)<br>(Giuseppe *ama* il calcio. Elena *non ama* il calcio.);<br>- прашална: proposizione interrogativa<br>(Chi è questo ragazzo? Come si chiama?). | |
| г) Содржини за дискусија:<br>● Поздравување/отпоздравување во својата култура и во Италија;<br>● Учтиво обраќање; | ● Употребува соодветни изрази за поздравување/отпоздравување и обраќање, на италијански јазик (со врсници и со возрасни); |

| | |
|---|---|
| • Познати споменици, специјалитети и личности на Италија;<br>• Лични имиња типични за Италија;<br>• Препознатливи зборови присутни во повеќе јазици (интернационализми). | • Разликува/споредува едноставни комуникативни акти (учтиво и неформално обраќање) во Македонија и во Италија;<br>• Набројува познати споменици, специјалитети и личности на Италија;<br>• Набројува имиња на свои врсници од Италија;<br>• Употребува зборови присутни во повеќе јазици (интернационализми). |

**Примери на активности:**

*(Дел од примерите обединуваат повеќе стандарди за оценување од иста содржина што може да се реализираат во повеќе часови. Дадените примери може да послужат и како модел за креирање нови активности за истите стандарди или за другите кои не се опфатени со нив.)*

- Изговор на буквите од италијанската азбука. Учениците слушаат песничка со италијанската азбука, набљудуваат постер со букви и вежбаат изговор на буквите.
- Вежби за усвојување акцент, ритам и интонација карактеристични за италијанскиот јазик. Пр. *Matteo è italiano. Matteo è italiano?*
- Слушање аудио снимка и повторување на слушнатиот исказ.
- Спелување зборови. Наставникот дели ливчиња на ученците со препознатливи зборови, кои може да се повторуваат во зависност од бројот на ученици (*aereo, moda, telefono, caffè, taxi, Internet, ciao*). Секој ученик влече ливче, го спелува зборот, а останатите ученици внимателно слушаат и за точното спелување ја креваат левата рака, а за неточното десната рака.
- Слушање, разликување и изговор на гласовите. Пр. учениците слушаат зборови и креваат рака кога ќе го слушнат зборот со бараниот глас, учениците слушаат зборови и ги повторуваат.
- Вежби за правење претпоставки, донесување заклучоци врз основа на наслови, слики, звучни сигнали.
- Пополнување празни места во текстови, табели и реченици со соодветни лексички единици и граматички содржини. Пример: *Ciao, io <u>sono</u> Alice. Siete americanI? Sì, noi <u>siamo</u> americani.*
- Подредување, во дијалог, реченици дадени во измешан редослед.
- *Ciao Maria!*. Учениците слушаат дијалог и ги пополнуваат празните места во реченици со изрази што означуваат поздрави.
- *Come ti chiami?*. Учениците меѓусебно си поставуваат прашања во парови и одговараат на поставените прашања. Другите ученици слушаат, доколку е потребно го поправаат изговорот како и структурата на реченицата.
- *Di dove sei?*. Учениците слушаат два кратки дијалози, ги запишуваат во тетратка националностите што ги слушаат и потоа ги

кажуваат.

- *Визит-картички.* Учениците креираат визит-картички со измислени податоци, потоа во двојки играат по улоги, поставуваат прашања (*Come ti chiami, Quanti anni hai? Dove abiti?...*) и одговараат на нив.
- *Бинго*. Учениците пишуваат на лист хартија пет збора што означуваат професија. Наставникот извлекува од кутија едно по едно однапред подготвени ливчиња со зборови што означуваат професија, го покажува и го чита на глас, а учениците ги заокружуваат оние зборови што се совпаѓаат со слушнатите од наставникот. Победник е ученикот кој има заокружено најмногу зборови.
- *Il domino dei verbi.* Наставникот им дели на учениците ливчиња со avere или essere, во вид на домино играта, во десниот агол од секое ливче е запишана личната заменка и изменетиот глагол во одредено лице, а од левата страна глаголот. Играта може да биде во парови или групи.
- *Игра со коцка*. На едната коцка се членовите од семејството, а на другата присвојните придавки (по три придавки на една страна од коцката за да се избере правилната форма, на пример *mio, tuo, sua*). Учениците ги фрлаат коцките и составуваат реченици од типот: Chi è questo? - E' mio fratello.
- *Порака од Италија* (работа во парови): Еден ученик добива порака од свој/а другар/ка од Италија со основни информации за него/неа (име, возраст, вкусови, семејство). Неговиот соученик, кој не го разбира текстот, сака да дознае повеќе за другарот/другарката од Италија. Учениците, во парови, играат по улоги при што едниот ученик му поставува прашања на другиот (на мајчин јазик) со цел да добие повеќе информации за момчето/девојчето од пораката.
- *Il puzzle degli interessi*. Исечоци од ливчиња и на секое ливче од предната страна има слика со активност, а од задната страна е напишан зборот на таа активност. Учениците прават сложувалка по активности, а потоа да ја опишуваат.
- *Quiz coni verbi ausiliari.* Учениците, во парови или групи, добиваат ливчиња со текст во кој треба да ги вметнат глаголите essere и avere. За секој точен одговор се запишува по еден бод на таблата. Парот или групата што има најмногу бодови е победник.
- *Giocare con i numeri*. Учениците се делат во групи. Им се делат ливчиња со броеви на секоја група. Учениците треба броевите да ги напишат со зборови. Секоја група излегува на табла и ги пишува точните одговори. Победник е онаа група која ги има точно напишано броевите.
- *La ruota della fortuna*. На лист хартија се црта тркало во вид на часовник со стрелка на кој се напишани броевите од 1 до 20. Учениците ја вртат стрелката и на кој број ќе застане стрелката учениците го запишуваат со букви тој број на табла.
- Составување едноставни зборови од дадени букви со измешан редослед. *Пр. ASAC- CASA ; RENTO -TRENO.*
- Класифицирање на зборови. Учениците подвлекуваат именки во текст што завршуваат на *-а* и на *-о* (разликување на машки и женски род) и потоа ги подредуваат во соодветни табели.
- Именување поими според визуелни прикази (флеш карти, илустрации, слики од списанија).
- *Глув телефон*. Учениците ја продолжуваат започнатата реченица и ја запишуваат на табла по нејзиното комплетирање.

  *Paolo è…* *Paolo è un..* *Paolo è un ragazzo…* *Paolo è un ragazzo italiano.*
- *Реченици во одречна форма.* Учениците составуваат кратки реченици во потврдна форма на исечоци од лист и ги ставаат во

кутија. Потоа секој ученик влече ливче и ја кажува или ја запишува на табла реченицата во негативна форма.

- *Игра по улоги.* Учениците, во парови, составуваат кратки дијалози во врска со лични податоци на познати личности, без да го наведат името. Потоа, ги играат по улоги. Останатите внимателно слушаат и погодуваат за која личност станува збор. Победник е парот кој има најмногу освоени поени.

- Слушање/читање со разбирање на едноставен текст и одговорање на прашања од типот: Chi? Che cosa? Quando? Come? Dove? Perche'? точно/неточно (vero/falso), отворени прашања или прашања со повеќечлен избор (QCM)

  *Ciao, io mi chiamo Paola e ho dieci anni. La mia famiglia è grande, ho due fratelli, una sorella e un cane. Siamo italiani. Abitiamo a Roma con i nostri genitori e i nostri nonni. Io amo la musica e preferisco cantare le canzoni di Laura Pausini. I miei fratelli preferiscono lo sport, loro giocano a calcio. Mia sorella preferisce giocare a pallacanestro.*

- Усно изразување:
  *-Buongiorno, mi chiamo Lina, sono della Macedonia del Nord, ho 11 anni. Studio l'inglese e l'italiano.*
  *-Ciao, mi chiamo Stella, abito a Skopje, ho 12 anni. Sono macedone.*
- Усна интеракција:
  *-Ciao, io mi chiamo Maria, e tu?- Io sono Sara. -Piacere.*

  *-Quanti anni hai? - Ho 11 anni.*

  *-Dove abiti? - Abito a Milano, in Italia.*

  *-Di che nazionalità sei? - Sono italiano, a.*

  *-Qual è il tuo numero di telefono? - Il mio numero di telefono è ………*

- Писмено изразување. Учениците пишуваат кратки едноставни реченици во кои се претставуваат.

- Самостојна /групна изработка на постер со фотографии, според дадена тема пр. *Italia è il paese di…. (историски споменици, специјалитети, познати личности,...).*

- Квиз преку користење дигитални алатки.

- Проектна задача - Семејно дрво од фотографии. Учениците изработуваат семејно дрво на листови формат А4 за своето семејство и го претставуваат пред соучениците.

- Проектна задача - Изработка на ученички алманах - Секој ученик дома подготвува лист (со своја фотографија) и краток текст во

| |
|---|
| кој се претставува (име, возраст, адреса, семејство, вкусови, омилена личност…). На час ги спојуваат изработките од сите ученици во еден алманах. Заеднички осмислуваат насловна страна. |

| | |
|---|---|
| Тема: **НЕПОСРЕДНО ОКРУЖЕНИЕ - УЧИЛИШТЕ**<br>Вкупно часови: 24 | |
| **Резултати од учење:**<br>Ученикот/ученичката ќе биде способен/-на да:<br>1. разбере и дава упатства при секојдневни ученички активности;<br>2. разбере глобално и детално кратки слушнати и пишани искази со опис на училница;<br>3. праша/одговори колку е часот;<br>4. ги опише на едноставен начин училницата, ученичкиот прибор и активностите. | |
| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
| а) Говорни чинови:<br>• Давање едноставни упатства на своите соученици при секојдневни ученички активности;<br>• Опишување на училницата, ученичкиот прибор и училишните активности;<br>• Искажување на своите афинитети за наставните предмети;<br>• Искажување час на формален начин. | • Разбира и реагира на едноставни упатства од наставникот;<br>• Пренесува едноставни упатства од наставникот, на своите соученици, на мајчин јазик;<br>• Дава усно едноставни упатства на своите соученици при секојдневни ученички активности;<br>• Ги искажува, со едноставни реченици, своите афинитети за наставните предмети;<br>• Зборува на едноставен начин за својот ученички прибор, наставните предмети;<br>• Ги опишува усно, на едноставен начин, училницата и училишните активности;<br>• Прашува и кажува колку е часот;<br>• Го презентира, на италијански јазик, распоредот на часови на својата паралелка;<br>• Пишува кратки едноставни реченици со опис на училницата, ученичкиот прибор и училишните активности. |

| | |
|---|---|
| б) Лексички единици:<br><br>• Училиште, училница, ученички прибор<br>(*la scuola, la classe, la lavagna, la sedia, il banco, il cestino, il  gesso, l’astuccio, lo zaino, il righello, il libro, la gomma, il quaderno, la matita)*;<br><br>• Наставни предмети<br>(*la matematica, le scienze,la geografia, l’informatica, la chimica, la fisica, l’italiano, il francese, l’inglese, la storia, il disegno, l’educazione fisica, la musica*);<br><br>• Распоред на часовите (*l’orario delle lezioni);*<br><br>• Денови од неделата<br>(*lunedì, martedì, mercoledì, giovedì, venerdì, sabato, domenica*);<br><br>• Делови од денот<br>(*il mattino, il mezzogiorno, il pomeriggio, la sera, la notte, la mezzanotte*);<br><br>• Бои<br>*(bianco, nero, rosso, verde, azzurro, blu, giallo, marrone*);<br><br>• Броеви<br>- главни (cardinali) : 1-60;<br><br>• Изрази за искажување час<br>*(Che ore sono/ Che ora è? - Sono le…./ È l’una e…..).* | • Препознава зборови и изрази поврзани со училиштето;<br>• Разбира зборови и изрази поврзани со училиштето;<br>• Брои до 60;<br>• Набројува наставни предмети, предмети во училницата и ученички прибор;<br>• Ги именува деновите од неделата и деловите од денот;<br>• Разбира поими што ги означуваат основните бои;<br>• Ги именува основните бои;<br>• Употребува поими и изрази, во едноставни реченици, поврзани со училиштето;<br>• Користи соодветни зборови и изрази за искажување час. |
| | |
| в) Граматички содржини: | • Правилно ги пишува новоусвоените зборови и изрази; |

| | |
|---|---|
| ● Фонетика<br>- Ритам, интонација и акцент /ritmo, intonazione e accento.<br><br>● Морфологија<br>○ Член, род и број - Articolo, genere e numero.<br>○ Придавки, род и број -Aggettivi, genere e numero<br>- присвојни-possessivi<br>(Vado a mangiare una pizza con il *mio* collega Fabio e con la *sua* ragazza Jessica.);<br>- описни/qualificativi : bello/a, grande/i), bianc*o*/bianc*a*<br>(Elena è una ragazza bell*a* e simpatic*a*, ha i capelli castan*i* e gli occhi verd*i*.);<br>- показни/dimostrativi: questo/i, questa/e<br>*(Questa* macchina è molto bella. Q*uesto* motorino è molto bello. *Questi* libri sono costosi. Queste ragazze sono italiane).<br>○ Заменки-Pronomi<br>- лични, род и број- personali, genere e numero;<br>*(Io* mi chiamo Nicola. *Noi* siamo italiani. *Loro* vanno a scuola. *Lei* è inglese.);<br>- показни/dimostrativi: questo/i, questa/e<br>(*Questa* è la casa di Maria. *Questo* è Ernesto. *Questi* sono i miei amici francesi.).<br>○ Броеви -Numeri<br>- главни броеви /cardinali до 60<br>(Gianni compie *ventidue* anni.).<br>○ Прилози- Avverbio<br>- за време - di tempo: oggi, adesso, sempre<br>(*Oggi* vado da Francesco. Ascolto *sempre* la musica italiana.);<br>- за место-di luogo: vicino, lontano | ● Се изразува со доволно правилен изговор за да биде разбран;<br>● Разликува употреба на определен и неопределен член;<br>● Ги употребува присвојните и описните придавки во даден контекст;<br>● Ги разликува формите за машки и женски род кај новоусвоените именки и придавки;<br>● Ги употребува соодветните лични заменки во даден контекст;<br>● Ги употребува соодветните показни придавки и заменки во даден контекст;<br>● Ги препознава и ги користи формите на најчестите глаголи во сегашно време;<br>● Ги препознава и ги користи во заповеден начин формите на најчестите глаголи за искажување упатства во училишен контекст;<br>● Ги препознава новоусвоените прилози, предлози и сврзници и ги употребува во едноставни реченици. |

| | |
|---|---|
| (Abito *vicino* a Marco.).<br>○ Предлози - Preposizioni: in, a, di, da, con, su, per<br>(Vado *in* Italia. Questo pomeriggio ho un appuntamento *con* un'amica.).<br>○ Сврзници - Congiunzioni: e, ma, o, anche<br>(Paolo *e* Marta partono per Parigi. Inviti *anche* Elena?).<br>○ Глагол, време и начин - Verbo, tempo e modo<br>- le tre coniugazioni dei verbi regolari indicativo presente:-are, -ere, -ire<br>(Francesca *abita* a Milano. Pietro *scrive* una lettera a Francesca. Paolo *segue* il corso di francese);<br>- indicativo presente dei verbi in –ire : *preferire, finire, capire* che prendono –isc<br>(Elena *preferisce* restare a casa. Luca *capisce* il giapponese.);<br>- indicativo presente di chiamarsi (io, tu, lui/lei);<br>(Io *mi chiamo* Alessio. Lei *si chiama* Mariangela. E tu come *ti chiami*?);<br>- заповеден начин (второ лице еднина и множина)<br>(*Aprite* i libri*! Ascoltate* attentamente!).<br><br>● Реченица - Proposizione<br>- расказна: потврдна форма и одречна форма ( forma affermativa e forma negativa);<br>- прашална (interrogativa)<br>(Chi telefona a quest'ora? Che cosa leggi? Come ti chiami? Dove abiti? Con chi esci stasera?);<br>- заповедна реченица (imperativa)<br>*(Chiudi la porta!).* | |
| г) Содржини за дискусија:<br>● Училишната средина во Италија/во Македонија (училиштето, наставните предмети, распоредот на | ● Ги идентификува и ги искажува сличностите и разликите помеѓу училишната средина во Македонија и во Италија. |

| | |
|---|---|
| часови, …). | |

**Примери на активности:**

- Вежби за усвојување акцент, ритам и интонација карактеристични за италијанскиот јазик. Пр. повторување кратки искази по слушнат модел.
- *Бура на идеи*. Наставникот го пишува на табла зборот *Scuola.* Учениците кажуваат зборови кои ги асоцираат на предложениот збор, а наставникот ги запишува на табла.
- *Упатства во училница.* Наставникот им дели листови на учениците со сликички на кои се прикажани одредени дејства во училница, на пр. влегување, седнување на место, читање, пишување, кревање рака итн. Учениците го запишуваат прикажаното дејство на мајчин јазик, под соодветната сликичка. Потоа, наставникот со гестови ги покажува илустрираните дејства изговарајќи ги на италијански јазик, а потоа ги пишува на табла, а учениците ги препишуваат до нивниот еквивалент на мајчин јазик, под сликичките.
- *La tombola delle attività* - Секој ученик влече ливче со фотографии/слики кои означуваат ученички прибор. Го покажува ливчето пред сите ученици и на глас го кажува зборот на италијански јазик.
- *Cruciverba.* Учениците, во парови, решаваат крстозбор, употребувајќи ги правилно зборовите кои ги означуваат деновите во неделата.
- *Броење до 60.* Учениците последователно ги изговараат броевите од 1 до 60, а останатите внимаваат за да знаат да продолжат, кога ќе дојде до нив редот.
- *Che ore sono?* Наставникот покажува време на картонски часовник, го кажува времето на италијански јазик, учениците повторуваат. Наставникот во одреден момент го запишува на табла прашањето *Che ore sono?* и пример како треба да се одговори: *Sono le undici.* Потоа наставникот продолжува да покажува време на картонски часовник, а учениците кажуваат колку часот покажува часовникот.
- *Игра Меморија.* Учениците добиваат ливчиња со поими, на мајчин јазик и на италијански јазик, кои ги означуваат наставните предмети. Ги наоѓаат паровите-еквивалентни зборови на двата јазика.
- *Trova l'intruso.* Учениците го издвојуваат зборот од група на зборови на која не припаѓа. *На пр. chimica, matematica, penna.*
- Подредување на слушнати правилни глаголи во табели според соодветната конјугација -are/ -ere/-ire.
- Диктат. Пишување едноставни реченици/ краток текст по диктат.
- Пополнување празни места во табели и реченици со соодветни лексички единици и граматички содржини. Пр. Н*ајди го членот.* Наставникот дава примери со пополнување празни места од типот: *Questo è ___ libro. Questo è ___ libro di Marco.*
- *Crucipuzzle -Осумнасочник.* Учениците ги наоѓаат и ги заокружуваат зборовите за деновите во седмицата.
- *Распоредот на мојата паралелка.* Учениците се поделени во пет групи. Секоја група треба да го презентира на италијански

јазик распоредот на паралелката, составен на мајчин јазик, за определен ден од неделата. Учениците прават споредба на распоредот на часови на својата паралелка со распоред на часови на паралелка од Италија (на пр. сличности и разлики меѓу предметите, време на започнување и времетраење на часовите и одморите).

- Интерактивни вежби на интернет со лексички единици и граматички содржини.
- Игра со пантомима. Еден ученик со пантомима покажува дејство (*Scrivo, leggo..)*, а другиот ученик го запишува на табла, на италијански јазик.
- *Abbinate le materie scolastiche*- Учениците поврзуваат слики кои ги претставуваат наставните предмети со зборовите кои ги означуваат.
- Техника *Венов дијаграм.* Учениците, поделени во групи, во Венов дијаграм ги впишуваат карактеристиките на училиштата во Италија и во Македонија. Во пресекот ги впишуваат заедничките карактеристики.
- Слушање/читање со разбирање на едноставен текст и одговорање на прашања од типот: Chi? Di chi? Che cosa? Quando? Come? Dove? Di dove? Perche'? точно/неточно (vero/falso), отворени прашања или прашања со повеќечлен избор (QCM).

A: Ciao Lorenzo! Sei libero questo sabato?

B: Ciao Gianna! Quando? Di pomeriggio ho un appuntamento con un'amica.

A: Vado a mangiare una pizza con il mio collega Fabio e con la sua ragazza Jessica.

B: Dove e a che ora?

A: In un ristorante in centro. Si chiama *Mamma Rosa.* Va bene alle 8?

B: Sì, va bene, alle 8 sono libero.

A: Perfetto!

B: Ok. A sabato!

- Усно изразување: - *Nel mio zaino c'è/ci sono…* Секој ученик го покажува/ именува својот ученички прибор.
- Le mie materie preferite sono …
- Усна интеракција:
  A: Che cosa è questo? - B : È una penna.
  A: Di che colore è la penna? – B : È nera.
  A: Di chi è questa penna? – B : Di Marta.
  A: Che giorno è oggi? - B : Oggi è lunedì
  A: Che ora è?/Che ore sono? - B : Sono le undici. È mezzogiorno.
  A: Quali materie segui il martedì? - B : La matematica, l'italiano e le scienze

- Писмено изразување. Поделени во мали групи, учениците се натпреваруваат во даден временски рок да состават што повеќе едноставни реченици на тема *Училиште*.

- Пишување краток едноставен текст според дадени слики, аудитивни или визуелни информации, или насоки од наставникот со глаголи во сегашно време (*Presente Indicativo)*. Пр. *Anna abita a Milano. Lei scrive i compiti. Alle 15 mangia un panino. Lei preferisce ascoltare la musica.*

- Проектна задача - Моето училиште и училиштето на мојот другар од Италија. Пребарување на интернет и собирање фотографии и информации за училиштата во двете земји (училишна зграда, училница, распоред на часови, одмор, спортска сала, училишна менза и сл.) и изработка на постер што ќе биде изложен во училница или преку онлајн презентација.

**Тема: СЛОБОДНО ВРЕМЕ**
Вкупно часови: 15

**Резултати од учење:**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/-на да:

1. разбере кратки едноставни слушнати и/или пишани искази кои опишуваат активности од слободното време;
2. искаже афинитет за активностите во слободното време;
3. ги опише, усно и писмено, со кратки искази и со едноставни реченици, активностите од своето слободно време.

| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
|---|---|
| а) Говорни чинови:<br>• Опишување на активностите од своето слободно време;<br>• Разменување информации за активностите од своето слободно време;<br>• Искажување афинитет во врска со активностите од слободното време. | • Разбира едноставни прашања во врска со активностите од своето слободно време;<br>• Одговара, со едноставни реченици, на прашањата за активностите од своето слободно време;<br>• Ги искажува, во едноставни реченици, своите афинитети за активностите од слободното време;<br>• Ги опишува активностите од своето слободно време во кратки едноставни реченици. |

| | |
|---|---|
| б) Лексички единици:<br>• Зборови и искази во врска со активности во слободното време<br>*(Fare una gita, fare una passeggiata, praticare uno sport, andare al cinema, leggere, ascoltare la musica, navigare in internet);*<br>• Зборови и искази во врска со посетувани места<br>*(il cinema, la piscina, la palestra, il centro commerciale).* | • Набројува поими што означуваат активности од слободното време;<br>• Разбира зборови и изрази поврзани со активностите од слободното време;<br>• Објаснува, на мајчин или на италијански јазик, зборови и изрази поврзани со активностите од слободното време;<br>• Ги разбира и ги именува поимите што ги означуваат местата на реализирање на активностите од слободното време;<br>• Употребува поими и изрази, во реченици, поврзани со слободното време. |
| в) Граматички содржини:<br>• Фонетика<br>- Ритам, интонација и акцент /ritmo, intonazione e accento.<br><br>• Морфологија<br>○ Член, род и број.<br>○ Придавки, род и број - Aggettivi, genere e numero<br>- accordo sostantivi aggettivi<br>(Ho molt*i* amic*i* stranier*i*. Abbiamo molt*e* bors*e* colorat*e*. Francesca ha molt*e* amich*e* macedon*i.).*<br>○ Заменки-Pronomi<br>- прашални/interrogativi : chi, che cosa<br>(*Chi* desidera mangiare un gelato? *Che cosa* vuoi comprare a Marco per il suo compleanno?).<br>○ Прилози-Avverbi | • Правилно ги пишува новоусвоените зборови и изрази;<br>• Се изразува со доволно правилен изговор за да биде разбран;<br>• Ги разликува формите за машки и женски род кај новоусвоените именки и придавки;<br>• Ги употребува соодветните форми за машки и женски род кај новоусвоените именки и придавки;<br>• Ги употребува соодветните форми на прашалните заменки во даден контекст;<br>• Ги препознава и ги користи соодветните форми на најчестите неправилни и модални глаголи во сегашно време;<br>• Препознава најчести прилози, предлози и сврзници и ги употребува во едноставни реченици. |

| | |
|---|---|
| - прашални/interrogativi : dove, quando, come, perché, quanto<br>(*Quando* torni dalla scuola? *Come* ti chiami?).<br>○ Предлози - Preposizioni : in, a, di, da, con, su, per<br>(Vado *da* Mario. Torno tardi *a* casa.).<br>○ Сврзници - Congiunzioni: e, ma, o, anche<br>(Cosa preferisci, la pizza *o* la pasta? Adoro la pizza *ma* anche la pasta).<br>○ Глагол, време и начин / Verbo, tempo e modo<br>- indicativo presente dei verbi irregolari: andare, venire, fare, uscire<br>(Stasera *vado* al cinema. *Vieni* anche tu con me? Cosa *fai* domani sera? *Esci* con gli amici?);<br>- indicativo presente dei verbi modali: potere, dovere, volere<br>(*Vuoi* venire con noi alla festa di compleanno di Francesca? Mi dispiace, non *posso* venire, *devo* studiare.).<br><br>● Синтакса - Sintassi<br>- исказна реченица: потврдна форма и одречна форма/forma affermativa e forma negativa<br>*(Lei preferisce ascoltare la musica. Luigi non parla italiano.);*<br>- прашална реченица/frase interrogativa<br>(Che cos'è questo? Chi telefona a quest’ora? Che cosa leggi?). | |

| | |
|---|---|
| г) Содржини за дискусија:<br>• Интересите за активности од слободното време на младите од својата култура и на младите од Италија. | • Ги идентификува и ги искажува сличностите и разликите во врска со активностите од слободното време на младите од својата култура и на младите од Италија. |

**Примери на активности:**

*(Дел од примерите обединуваат повеќе стандарди за оценување од иста содржина што може да се реализираат во повеќе часови. Дадените примери може да послужат и како модел за креирање нови активности за истите стандарди или за другите кои не се опфатени со нив.)*

- *Бура на идеи.* Учениците кажуваат препознатливи зборови поврзани со темата *Слободно време*. Наставникот ги запишува на табла.
- *Доаѓање до значењето.* Наставникот покажува слики/цртежи, на табла, од зборови и изрази поврзани со слободното време и ги кажува на италијански јазик. Истото го повторува уште еднаш, но овој пат бара од неколку ученици да ги повторуваат зборовите и изразите. Потоа тие изрази ги запишува на табла до соодветните слики/цртежи. Учениците ги препишуваат во своите тетратки.
- *Моите интереси*. Наставникот лепи на табла слики/цртежи поврзани со слободното време и вели *A me piace ascoltare la musica e a te*? Учениците наизменично кажуваат по една реченица со дадените зборови/слики. Доколку некој од учениците не може да ја состави целата реченица на италијански јазик, го кажува изразот на мајчин јазик, а неговите соученици му помагаат и тоа го пренесуваат на италијански јазик.

- *Техника Бинго - Активности од слободното време.* Наставникот изработува зборови кои означуваат активности во слободното време и ги става во една кутија. Учениците на лист хартија пишуваат вкупно пет активности кои ги прават во слободното време. Наставникот извлекува по едно ливче, го покажува и чита на глас, учениците ја заокружуваат споменатата активност, на своето ливче. На крај тој што ќе ги заокружи сите активности е победник и го освојува бингото.

- *Completare un dialogo.* Учениците, по слушнат текст, пополнуваат празни места во краток едноставен дијалог со зборови и изрази што означуваат активности во слободно време.

- *Квиз.* За време на часот учениците (самостојно или во пар) се вклучуваат на дадениот линк од наставникот/наставничката, на

кој има вежба со слики кои означуваат активности во слободното време и понудени одговори. Според дадената слика учениците треба да го изберат точниот одговор.

- *Parole contenute nel sacco.* Учениците се делат во парови. Секој пар влече ливче со еден од прашалните зборови: *Chi, Che cosa, Come, Dove, Quando, Quanto/a/i/e.* Со извлеченото прашално зборче еден ученик од парот му поставува прашање на другиот ученик кој треба да одговори на прашањето. (На пр. го извлекува прашалното зборче *cosa* и поставува прашање *Cosa fai il pomeriggio* ?)

- *Riordina le frasi.* Учениците пишуваат дадени реченици во логичен редослед.

- *Минутна работа.* Секој ученик на парче хартија одговара на прашања поставени од страна на наставникот, од типот: *Che cosa preferisci fare dopo la scuola*? Учениците запишуваат по една активност што најчесто ја прават после училиште. Секој ученик ја чита запишаната активност, а наставникот ја запишува на табла.

- *Техника ЗСН (Знам, Сакам да знам, Научив).* Во првата колона од табелата учениците препишуваат зборови и изрази поврзани со слободното време, од даден текст, што веќе им се познати. Во втората колона ги запишуваат зборовите и изразите од текст коишто не им се познати. По активноста *Доаѓање до значењето* на зборовите и изразите од втората колона, учениците во третата колона ги препишуваат научените зборови, од втората колона.

- Во краток текст, во парови, учениците пронаоѓаат и подвлекуваат форми на модални глаголи, потоа учениците составуваат по две реченици со подвлечените форми на модалните глаголи и ги читаат пред своите соученици.

- *Completa le domande con gli interrogativi.* Учениците пополнуваат празни места од дадени реченици со најчестите прашални зборови: *come, dove, di dove, quanti, quando, perche', qual è.*
- *Игра X-O* (за повторување на стекнати знаења). Наредени се 9 столчиња (во три реда по три столчиња), на кои има картички со прашања свртени наопаку. Учениците се поделени во две групи од по пет ученици. Првиот од групата бира столче, го чита прашањето. Доколку точно го одговори седнува на столчето, ако не одговори продолжува другата група. Победник е групата која прва ќе образува линија.

- *La ruota della fortuna*. На лист хартија се црта тркало во вид на часовник со стрелка на кој се напишани активности во слободно време. Секој од учениците ја врти стрелката и активноста што ќе се падне треба да каже дали сака или не сака да ја прави со

употреба на модалниот глагол volere. На пример: *Voglio/ non voglio andare in bicicletta, voglio/ non voglio andare al cinema.*

- Учениците, во парови, добиваат ливче од наставникот со реченица во исказна форма. Едниот ученик од парот ја чита реченицата, а другиот го поставува соодветното прашање, употребувајќи еден од прашалните зборови: *Dove, Quando, Quanto, Come, Perché*. *Che cosa, Chi(Con chi), …* Пр. - *Questo pomeriggio vado in palestra.*

- Слушање/читање со разбирање на едноставен текст и одговорање на прашања од типот: *Chi? Che cosa? Quando? Come? Dove? Perche'?* точно/неточно (vero/falso), отворени прашања или прашања со повеќечлен избор (QCM).

  *Come passi il tuo fine settimana? Quindi, sabato quando sono con i miei amici, andiamo in bicicletta, facciamo lo sport, giochiamo a calcio. Il pomeriggio con la mia famiglia andiamo al centro commerciale dove facciamo la spesa, guardiamo un film al cinema, andiamo al ristorante. Domenica facciamo una passeggiata in montagna. E quando sono a casa, mi piace leggere libri, guardare la TV, giocare ai videogiochi, ascoltare musica, ecc.*

- Усно изразување. Учениците, еден по друг, зборуваат за своите афинитети поврзани со активности од слободното време. Останатите внимателно слушаат и креваат рака и велат *Anch'io*, секогаш кога го споделуваат истиот афинитет со соучениците.
- Усна интеракција - Разменување информации за слободно време. Еден ученик го прашува соученикот што прави за викенд или после училиште, а другиот одговара.

  *A: Che cosa fai il fine settimana?*
  *B: Io gioco a calcio o vado al cinema. E tu, che cosa fai?*
  *A: Io gioco a videogiochi e vado al centro commerciale con i miei amici.*
  *A: Che cosa preferisci fare dopo la scuola?*
  *B: Io preferisco ascoltare la musica. / Io preferisco guardare la tv. / Io preferisco leggere i libri.*

- Писмено изразување. Учениците ги опишуваат активностите од своето слободно време со кратки, едноставни реченици.
- Проектна задача *Фото приказна*. Учениците, во групи, изработуваат постер со слики кои илустрираат активности и со кратки едноставни реченици поврзани со нив.

## ИНКЛУЗИВНОСТ, РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ/СЕНЗИТИВНОСТ, ИНТЕРКУЛТУРНОСТ И МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

Наставникот обезбедува инклузивност преку вклучување на сите ученици во сите активности за време на часот. При тоа, овозможува секое дете да биде когнитивно и емоционално ангажирано преку користење на соодветни приоди (индивидуализација, диференцијација, тимска работа, соученичка поддршка). При работата со учениците со попреченост применува индивидуален образовен план (со прилагодени резултати од учење и стандарди за оценување) и секогаш кога е можно користи дополнителна поддршка од други лица (лични и образовни асистенти, образовни медијатори, тутори волонтери и професионалци од училиштата со ресурсен центар). Редовно ги следи сите ученици, особено оние од ранливите групи, за да може навремено да ги идентификува тешкотиите во учењето, да ги поттикнува и поддржува во постигнувањето на резултатите од учењето.

При реализација на активностите наставникот еднакво ги третира и момчињата и девојчињата при што води грижа да не им доделува родово стереотипни улоги. При формирање на групите за работа настојува да обезбеди баланс на основа на пол. При избор на дополнителни материјали во наставата користи илустрации и примери кои се родово и етнички/културно сензитивни и поттикнуваат родова рамноправност, односно промовираат интеркултурализам.

Секогаш кога е можно наставникот користи интеграција на темите/содржините/поимите при планирањето и реализацијата на наставата. Интеграцијата овозможува учениците да ги вклучат перспективите на другите наставни предмети во она што го изучуваат во овој наставен предмет и да ги поврзат знаењата од различните области во една целина.

## ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Оценувањето на постигањата на учениците се врши врз основа на дадените стандарди за оценување со позитивно нагласување на постигнатиот напредок на учениците за владеење на јазикот, а не негативно истакнување на недостатоците. Бидејќи во шесто одделение по предметот француски јазик учениците ги совладуваат сите четири јазични вештини: слушање со разбирање, почетно читање со разбирање, говорење (говорна интеракција и продукција) и почетно пишување (писмена продукција), наставникот/наставничката ги следи и оценува:

- усните одговори на прашања поставени од наставникот/-чката или од соучениците и учеството во куси дијалози со примена на усвоениот вокабулар;

- усното изразување на доволно правилен начин за да биде разбран;
- вербално и невербално реагирање по слушнат исказ;
- разбирањето на куси слушнати и /или пишани искази и куси дијалози, куси стихотворби, едноставни песни;
- правилно пишување на зборови, куси реченици и куси дијалози, како и пишување по звучен модел - диктат;
- пишување кратки и едноставни реченици и текстови на зададени теми;
- одговорите на квизови (куси тестови) што се дел од поучувањето;
- индивидуални и групни изработки на проектни задачи (постери, илустрации, …);
- домашни задачи.

По завршување на учењето на секоја тема, учениците добиваат сумативна оценка во вид на опис на постигнатите стандарди за оценување. Сумативното оценување се користи во одредени периоди во наставната година и е поврзано со одредени периоди, крај на одделна тема, тримесечие, полугодие и бројчана оценка на крајот на учебната година.

| | |
|---|---|
| **Почеток на имплементација на наставната програма** | 2023/2024 година |
| **Институција/<br>носител на програмата** | Биро за развој на образованието |
| **Согласно член 30, став 3 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19 и 229/20) министерот за образование и наука ја донесе наставната програма по *Италијански јазик* за VI одделение.** | бр. 08-3170/10<br>15.3.2023 година<br><br>**Министер за образование и наука**<br>**Doc.Dr. Jeton Shaqiri, с.р.**<br><br>______________________________ |